# ПРОЕКТ

**СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОВОД „ДЕН НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ДИЗАЈН ВО СВЕТОТ – 100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА СВЕТСКАТА МОДНА ИКОНА ОТАВИО МИСОНИ" / „IL GIORNO DEL DESIGN ITALIANO - 100 ANNI DALLA NASCITA DI OTTAVIO MISSONI"**




**На ден 21. 05. 2021 година се одржа проект покренат под иницијатива на Амбасадата на Република Италија во Република Северна Македонија по повод Ден на италијанскиот дизајн во светот – 100 години од раѓањето на Отавио Мисони – "Il Giorno del Design Italiano" – 100 Anni dalla Nascita di Ottavio Missoni".** Предавање во рамките на промотивните активности за Денот на италијанскиот дизајн во светот. Продеканот на Филилошки факултет **доц. д-р Весна Коцева** во улога на модератор започна со сеопфатна увертира на настанот, после што **доц. д-р Сашка Голомеова Лонгурова** и **доц. д-р Силвана Жежова** се претставија со презентација посветена на развојот на модната фирма Missoni – односно како од обична занаетчиска работилница прераснува во модна империја. Направена е детална анализа на личноста, карактерот, идеите и целите на самиот дизајнер – како клучен фактор за успех на оваа фирма. Исто така направена е детална анализа на специфичностите при изборот на материјали, како и анализа на карактеристичниот Missoni-принт

(шари и дезени). Во закучок ставен е акцент на иновативноста и оригиналноста на овој бренд кој освен моден прераснува и во светски-призната марка за домашно уредување и верига од елитни хотели. Од друга страна направена е опширна презентација од страна на **доц. д-р Марија Ќертакова** во времетраење од речиси еден час, во која е вклучен целокупниот креативен процес на дизајнерот, односно анализа на неговите модни колекции во периодот 1953-2021, со што акцентот се стави на модните тенденции кои владееле во секоја од декадите на минатиот и сегашниот век и како истите влијаат при промената на дизајнот на Missoni. Направена е сеопфатна анализа на конкретните детерминирачки модни линии лансирани во италијанската мода и признати за пионери на своето време. Определени се социо-културните и психолошки елементи, како главен двигател при оформување на модните-стилови линии во дизајнот на оваа марка. Во заклучок дадена е детална анализа за личноста на дизајнерот и сите особини кои придонеле да истиот прерасне во светски признат моден дизајнер, кој со право се трансформира и бива признат за еден од најемблематичните италијански модни фигури за XX век.



Meeting